**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-2030/116
Датум: 22.6.2011 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на членот 45 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 22.6.2011 година донесе

# О Д Л У К А

## за ослободување од плаќање на школарина

1. Се ослободуваат од плаќање на надоместок на школарина во висина од 200 евра, во денарска противвредност сите студенти запишани на Факултетот за електротехника и информациски технологии во прва година во учебната 2011/2012 година кои како ученици:

- во текот на своето средно образование освоиле прво место на државните натпревари по некои од следниве предмети: математика, физика, информатика или електротехника;
- во текот на своето средно образование освоиле прво, второ или трето место (награда) на меѓународни олимпијади на знаења, (балкански, или светски) првенства по некои од следниве предмети: математика, физика или информатика.

2. Студентите од точка 1 на оваа одлука должни се при уписот да приложат оргинал документ за освоеното место на соодветниот натпревар.

3. На секој корисник на бенифицијата утврдена со оваа одлука му се издава посебно решение. Примерок од решението се чува и во досието на студентот.

4. Одлуката да се достави до: службата за студентски прашања, студентска огласна табла, веб страницата на Факултетот, ННС, продеканот за настава, секретарот, сметководство и архивата на Факултетот.

Д е к а н
проф. д-р Миле Станковски